Република Македонија
**Министерство за правда**

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 21.08.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 6850/2 | | |

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Бр. 23-3752/2
Скопје, 17. 08. 2018 год.

Влада на Република Македонија

Министерство за правда

Димитрие Чуповски бр. 9
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3116 - 493
Факс. 02) 3116 - 002

Веб-локација: www.pravda.gov.mk

**ДО**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор по однос на иницијатива

**ВРСКА:** Допис Ваш број 43-6850/1 од 10.07.2018 година

Почитувани,

По однос на иницијативата доставена од страна на Транспаретност Македонија, со наслов: „Вклученост на Платформата во набљудување и дебатирање на борба против корупцијата во РМ", Ве известуваме за следното:

Со иницијативата се информира за планирани проектни активности на граѓанската организација со цел мониторинг и унапредување на соработката со државните институции во борбата против корупцијата.

По однос на целта А.1., Ве информираме дека во формираната Работна група за подготовка на нов Предлог на закон за спречување на корупцијата учествуваат членови - претставници на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата.

По однос на целите А.2., А.3. и А.4., Министерството за правда нема надлежност да се произнесе, предвид тоа што, согласно постојните законски одредби, изборот и именувањето на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата го врши Собранието на Република Македонија.

По однос на останатите цели наведени во иницијативата, Министерството за правда не се произнесува, поради тоа што се работи за проектни активности чијашто реализација зависи од самата организација - носител на проектот.

Иницијативата е доставена до Работната група за подготовка на нов Предлог на закон за спречување на корупцијата. Министерството за правда изразува поддршка за иницијативноста и за активностите кои граѓанските организации ги преземаат во областа Превенција и борба против корупцијата.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
д-р Рената Дескоска

Распореден предмет на 09.08.2018 год.
Изготвил: Елена Димовска, советник / Датум: 09.08.2018 год.
Согласен: Мимоза Киковска Стојменова, државен советник